**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.44-3266/2
Скопје, 22 април 2020 година

ДО ГРУПА ЗДРУЖЕНИЈА
- ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ - ЕСЕ

С К О П Ј Е

**Предмет: Извадок од Триесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 април 2020 година**

Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID – 19, на Триесет и вториот состанок, одржан на 22 април 2020 година, го разгледа Барањето за преземање на превентивни мерки за спречување на ширењето на епидемијата со Ковид-19 во супстандарните населби и живеалишта во Република Северна Македонија, доставено од група здруженија и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, со цел доставување на одговор по предметното Барање.

**ГЛАВЕН КООРДИНАТИВЕН КРИЗЕН ШТАБ**

**Прилог 1: Барањето за преземање на превентивни мерки за спречување на ширењето на епидемијата со Ковид-19 во супстандарните населби и живеалишта во Република Северна Македонија, доставено од група здруженија**

ДОСТАВЕНО И ДО:
- **Министерство за труд и социјална политика**
- **Министерство за здравство**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 22-04-2020
Орг. Един. / Njësia Org.: 44 - Број / Numër: 3266 / Прилог / Shtojcë: 1

До:

Претседателот на Владата на Р. С. Македонија, Г-дин Оливер Спасовски

Главниот координативен кризен штаб

Министерот за здравство, Д-р Венко Филипче

Градоначалницина општините: Шуто Оризари, Карпош, Куманово, Прилеп, Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, Велес, Струмица , Штип, Делчево, Виница, Кочани, Пехчево - с.Црник, Битола, Берово

**Предмет: Барање за преземање на превентивни мерки за спречување на ширењето на епидемијата со Ковид-19 во супстандардните населби и супстандардните живеалишта во Р. С. Македонија.**

Почитувани,

На територијата на Р. С. Македонија, во голем број општини, постојат населби со супстандарни услови за живеење, населби со импровизирани и привремени живеалишта, без проточна вода за пиење и канализација, во кои, многубројни семејства живеат во една просторија. Воедно, тоа се густо населени населби, без јасна поделеност на живеалиштата и дворните места.

Поради тоа, лицата кои живеат во вакви живеалишта и населби не се во можност да ги следат основните препораки за заштита од Ковид-19, како што се физичка дистанца, редовно миење на рацете, дезинфекција на површините, носење на заштитни маски и сл. Состојбата е особено загрижувачка доколку во овие домаќинства и населби се појави случај на лице заболено од Ковид-19. При тоа, членовите на домаќинството, немаат ниту соодветни услови за нега на заболеното лице, ниту за сопствена заштита.

**Со цел да се заштити здравјето на граѓаните кои живеат во вакви домаќинства и населби, во услови на ширење на епидемијата со Ковид-19, во име на девет граѓански организации кои работат на унапредувае на правата на Ромите бараме итно да се преземат координирани мерки од страна на Владата, Главниот кризен штаб, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Единиците на локалните самоуправи и Кризните штабови во рамки на општините.**

**Повикуваме итно да бидат преземени мерки за заштита на загрозените семејства во населените места со супстандардни услови за живот , вклучувајќи ги и следните:**

**Мерки за заштита на здравјето на населението**

**- Владата, во соработка со општините и сите останати надлежни институции веднаш да обезбеди и опреми соодветни објекти за изолација, а со цел семејствата кои во моментот се во самоизолација, а живеат во супстандардни услови, веднаш да бидат префрлени во овие**

**објекти.** Објектите за изолација е потребно да ги задоволат основните стандарди за примена на сите мерки за заштита (физичка дистанца, редовно миење на рацете и сл.). Воедно да им бидат поделени средства за дезинфекција на површини, како и маски со цел да можат да се заштитат. Во овие објекти редовно да се дистрибуира храна и вода за лицата од страна на Владата или Единиците за локална самоуправа. Да се обезбеди редовен здравствен надзор на овие лица, како што се лекарски прегледи, мерење на температура, земање на брисеви доколку се утврди потреба и сл.

- **Да се воспостави протокол со којпри појава на случаи на лица заболени од Ковид-19** кои живеат во супстандардни живеалишта, веднаш да се направи проценка на условите во кои живее семејството и во случај на супстандардни услови, без проточна вода, канализација и сл. сите членови на семејството веднаш, без никакво одлагање да бидат сместени во соодветните објекти за изолација и да им бидат обезбедени сите услови за редовно снабдување со храна и доставување на средства за хигиена, како и редовни медицински прегледи.

- Да **се направи тестирање за Ковид-19 на примерок на лица, соодветно на епидемиолошката проценка, од населбите со супстандардни услови за живеење во сите општини во Република Северна Макеоднија каде што живеат Роми и каде што веќе има суспектни случаи за Ковид-19 и семејства во самоизолација.**

- Земајќи ги предвид условите во кои живеат, **да се обезбеди мобилен тим кој редовно ќе мери температура и по потреба ќе зема брисеви на лицата од ранливите населби** доколку се утврди потреба.

- Да се **отвори пункт за земање брисеви за дијагностика на Ковид-19 во рамки на ЈЗУ Здравствена станица Шуто Оризари,** со што ќе се обезбеди навремен и лесен пристапат до оваа здравствена услуга.

- Да се **спроведува здравствена едукација**, особено совети за превенција, правилна самоизолација, грижа за лице заболено од Ковид – 19 и сите останати потребни информации.

-**Улиците и јавните површини во населбите со супстандардни живеалишта во сите општини, да бидат редовно дезинфицирани.** Да се разгледаат останати можности за дезинфекција, како што е поставување на тунели за дезинфекција на поединци на критичните точки, утврдени од епидемиолозите.

- **На жителите кои немаат проточна вода во домаќинствата, редовно бесплатно да им бидат делени средства за дезинфекција на база на алкохол,** од страна на Владата или Единиците на локална самоуправа.

- На **жителите од субстандарните живеалиштаредовно да им се делат маски за заштита,** со информации за правилна употреба на маските.

- Да се **соопштува бројот на заболени и починати лица од Ковид – 19 во општините каде што има значителен број ромски семејства**, со што ќе се овозможи соодветно преземање на превентивни мерки особено во најранливите населби.

- Телефонските линии за психолошка помош и поддршка, да бидат бесплатни телефонски броеви, бидејќи сиромашните и загрозените лица немаат средства за да плаќаат за телефонски повици.

**Мерки за социјална заштита**

- За лицата кои потекнуваат од ранливи групи, а се наоѓаат во домашна самоизолација или се сместени во објекти за изолација, или се под останат ризик, Министерството за труд и социјална политика веднаш да направи проценка на нивните потреби за итно да им биде доделена потребната помош.

- Сите видови на социјална помош да се продолжуваат без да се бараат документи од страна на корисниците додека трае вонредната состојба, со цел граѓаните да не бидат приморани да се изложуваат на дополнителен ризик од инфекција.

- За сите нови баратели на социјална помош да се одобруваат веднаш новите итни мерки за помош, додека трае вонредната состојба.

**Информирање на граѓаните за нивните права**

- Во тек на вонредната состојба Владата носи бројни уредби, со кои се регулира остварување на одредени права на граѓаните, а при тоа не сите граѓани се информирани за истите. Предлагаме Владата и останатите надлежни институции секој од својот ресор на соодветен и разбирлив начин веднаш да ги информира граѓаните, а особено најранливите групи на граѓани.

**БАРАЊЕТО Е ПОДДРЖАНО ОД:**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Скопје

Здружение за развој и унапредување на ромската заедница - Романо Чачипе, Шуто Оризари

Иницијатива за развој и инклузија на заедниците - ИРИЗ, Шуто Оризари

Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т. – Прилеп

ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје

Иницијативата на жените од Шуто Оризари, Скопје

Здружение Национален Ромски Центар – НРЦ, Куманово

НВО КХАМ, Делчево

Асоцијација за демократски развој на Ромите - СОНЦЕ, Тетово

Работата на Здруженијата на граѓани во областа на правата на Ромите е поддржана од Фондацијата Отворено општество - Македонија

Лице за контакт:

Борјан Павловски

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ

Ул. Максим Горки бр. 20/1-4

Е-маил: bpavlovski@esem.org.mk

Тел: 070/268-714